ФОНД ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ
FONDI PËR SIGURIMIN E DEPOZITAVE

QF-A-014

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ДЕЛОВНАТА АКТИВНОСТ НА
# ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ
# ЗА 2023 ГОДИНА

**Скопје, февруари 2024 година**

## Содржина

**РЕЗИМЕ....................................................................................................................3**

**I. ДВИЖЕЊЕ НА ДЕПОЗИТИТЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ТЕКОТ НА 2023 ГОДИНА..............................................................6**

**II. ИНВЕСТИЦИСКО ПОРТФОЛИО НА ФОНДОТ (01.01.2023 – 31.12.2023)..................................16**

**III. ОБЕСШТЕТУВАЊЕ НА ДЕПОНЕНТИТЕ ВО ЧЛЕНКИ НА ФОНДОТ КАЈ КОИ СЕ СЛУЧИЛ РИЗИЧЕН НАСТАН (СТЕЧАЈ ИЛИ ЛИКВИДАЦИЈА) ......................................................................20**

**IV. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2023 ГОДИНА ........................................................................21**

**V. ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ НА ФОНДОТ ВО ТЕКОТ НА 2023 ГОДИНА .......................................24**

**ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ.......................................................................24**

**КАДРОВСКА И ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА ........................................................................26**

**ДЕЛОВНИ ПРОЦЕСИ ВО ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ ..............................................27**

**МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ И ЕДУКАЦИЈА....................................28**

**ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ ..............................................................................................32**

**ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ НА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ.......................................35**

# РЕЗИМЕ

Во текот на 2023 година светската економија се соочи со ризици кои произлегуваат од зголемените геополитички тензии (воениот конфликт на Блискиот Исток и војната во Украина) што може да има неповолен ефект врз цените на енергенсите. Останатите ризици се однесуваат на евентуално задржување на инфлацијата на повисоко ниво подолго време, зголемениот финансиски стрес заради високите каматни стапки, послабиот раст на Кина во однос на очекувањата, натамошните трговски поделби и ризиците поврзани со климатските промени. Движењата и оцените за цените на примарните производи се исклучително променливи и под силно влијание на случувањата поврзани со војната во Украина и воениот конфликт на Блискиот Исток, што создава голема неизвесност околу нивната идна динамика и ефектите врз глобалната и домашната економија.
Во извештајот на Агенцијата за кредитен рејтинг „Стандард и Пурс“ се наведува дека како резултат на макропрудентните мерки преземени од страна на централната банка, банкарскиот сектор и натаму е стабилен и неговата отпорност е дополнително зајакната, со историски ниско ниво на нефункционални кредити коешто изнесува 2,8% од вкупните кредити и стабилно ниво на адекватност на капиталот од 18,2%, што е највисоко ниво во последните 17 години. [1]

Макроекономските показатели за економскиот систем во Република Северна Македонија: 1. Проекцијата на стапката на раст на бруто - домашниот производ за 2023 година во Северна Македонија е позитивна и изнесува 2,3%[2]; 2. Во декември 2023 година, годишната стапка на инфлација изнесува 3,6% (3,1% во месец ноември 2023 година) и е малку пониска од проектираната стапка од октомврискиот циклус проекции. За целата 2023 година, просечната годишна стапка на инфлација е во согласност со очекувањата и изнесува 9,4%. Во услови на значително исцрпување на притисокот од прехранбената и енергетската компонента, годишната стапка на инфлација главно произлегува од базичната компонента, којашто исто така забавува.[3]; 3. Проекцијата на стапката на невработеност во 2023 година изнесува 12,8% (за 2022 година изнесуваше 14,4%) додека проекцијата на стапката на вработеност за 2023 година изнесува 45,5% (за 2022 година изнесуваше 47,3%)[4]; 4. просечната месечна исплатена бруто-плата по вработен во октомври 2023 година изнесуваше 58.349 денари[5].

Во текот на 2023 година продолжи исплатата на обесштетување на депонентите на „Еуростандард банка” АД Скопје во стечај, преку четири банки - исплатувачи. Исплатата на

[1] Извор: https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2024/01/RatingsDirect_NorthMacedonia_3118625_Jan-29-2024-1.pdf
[2] Извор: Министерство за финансии на Република Северна Македонија
[3] Извор: Народна банка на Република Северна Македонија
[4] Извор: Министерство за финансии на Република Северна Македонија
[5] Извор: Државен завод за статистика

обесштетувањето на депонентите на „Еуростандард банка" АД Скопје во стечај беше достапна заклучно со 01.09.2023 година, согласно договорите потпишани со банките-исплатувачи. Потоа банките – исплатувачи салдата од неисплатеното обесштетување од наменските сметки за исплата на обесштетувањето ги префрлија на сметката на Фондот за осигурување на депозити и исплатата на обесштетувањето продолжи директно преку Фондот за осигурување на депозити. Од почетокот на исплатата на обесштетувањето, 15.9.2020 година, до 31.12.2023 година беа исплатени 91,42% (3,8 милијарди денари) од вкупно пресметаното обесштетување во „Еуростандард банка" АД Скопје во стечај и тоа на 12.815 депоненти.

Се забележува раст на депозитите на население од 7,72% за 2023 година (2022: 5,97%). На 31.12.2023 година, вкупните депозити на населението изнесуваа 361 милијарди денари[6], од кои 49,4% се денарски депозити, а 50,6% се девизни депозити. Наплатата на премиите во 2023 година се одвиваше по стапка од 0,25% на годишно ниво. Премиите се пресметуваат врз основа на движењето на вкупните депозити на населението. Во текот на 2023 година стапката на покриеност на Фондот за осигурување на депозити е највисока во ноември 2023 година со 5,65%. Во 2023 година Фондот за осигурување на депозити оствари нето-добивка од 491.846 илјади денари наспроти 94.300 илјади денари остварена во 2022 година или реализирано е зголемување на нето-добивката од 421%

Вкупната состојба на инвестициското портфолио на крајот на 2023 година изнесуваше 20.140 милиони денари според номинална вредност (19.696 милиони денари сегашна вредност). На годишно ниво бележи зголемување од 2,9 милијарди денари односно зголемување од 16,6% во однос на состојба на инвестициско портфолио на 31.12.2022 година. Ова зголемување на инвестициското портфолио на Фондот се должи на делумната наплата на побарување на Фондот од стечајната маса на „Еуростандард банка" АД Скопје во стечај во износ од 1 милијарди денари, наплатената премија и реинвестираната камата од нови записи во 2023 година. Фондот во текот на 2023 година учествуваше на 15 аукции на државни записи од Министерството за финансии.

Фондот, во текот на 2023 година учествуваше на три состаноци на Комитетот за односи со јавност при Европскиот форум на осигурители на депозити (EFDI). На сите состаноци Фондот преку свои претставници учествуваше преку онлине врска. Како активен член на EFDI (Европски форум на осигурители на депозити), Фондот учествуваше и на редовното Годишно Собрание на EFDI.

---

[6] Вкупните депозити на населението изнесуваат 5,88 милијарди евра пресметано по среден курс на НБРСМ на 31.12.2023 година.

Фондот за осигурување на депозити учествуваше на прославата на Светскиот ден на штедење во организација и преку соработка со Македонската банкарска асоцијација која се одржа на 31.10.2023 година.

Директор/Drejtori
Amir Shabani

# I. ДВИЖЕЊЕ НА ДЕПОЗИТИТЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ТЕКОТ НА 2023 ГОДИНА

Вкупниот износ на депозитите на население во банкарскиот сектор во Република Северна Македонија на крајот на месец декември 2023 година изнесуваше 361 милијарди денари[7]. Месечните движења на вкупните депозити на население во банкарскиот сектор во Република Северна Македонија се прикажани во Графикон 1 или поединечно по месеци во Табела 1. Годишниот раст на депозитите изнесува,72% од кои најголем удел има растот на депозитите од 3,37% во месец декември 2023 година.

Растот од 7,72% на годишно ниво е повисок од растот на депозитите на населението остварен во 2022 година (5,97%), а воедно е и највисок раст во последните 3 години, што секако се должи на порастот на каматите на депозитите на население во текот на 2023 година.

Според анализите, утврдено е дека орочените депозити имаат постојан пораст во 2023 година (12,58% споредено со 2022 година), а депозитите по видување забележуваат пораст на годишно ниво од 4,05% споредено со истите во декември 2022 година. Изразено во проценти орочените депозити во вкупните депозити на население на 31.12.2023 година учествуваат со 44,99% односно депозитите по видување учествуваат со 55,01%. Од аспект на валутната структура, денарските депозити имаат пораст од 12%, а девизните депозити пораст од 3,9% споредено со декември 2022 година.

Графикон 1. Месечни движења на депозитите на население во текот на 2023 година

(во денари)




Извор: Административни податоци на ФОД

[7] Вкупните депозити на населението изнесуваат 5,88 милијарди евра пресметано по среден курс на НБРСМ на 31.12.2022 година.

Табела 1. Месечни движења на вкупни депозити на население во 2023 година

(во илјади денари)

| Период | Проекции за движење на вкупни депозити на население во Република Северна Македонија согласно Финансискиот план на ФОД за 2023 година | Проекции на месечен пораст на вкупни депозити на население во 2023 година (во проценти) | Вкупни депозити на население во РСМ во 2023 година | Месечен пораст во проценти |
|---|---|---|---|---|
| 31.12.2022 | 331.290.047 | | 335.558.907 | |
| 31.1.2023 | 331.621.337 | 0,1 | 335.627.849 | 0,02 |
| 28.2.2023 | 333.279.444 | 0,5 | 338.548.976 | 0,87 |
| 31.3.2023 | 333.946.003 | 0,2 | 338.878.479 | 0,10 |
| 30.4.2023 | 336.617.571 | 0,8 | 341.634.883 | 0,81 |
| 31.5.2023 | 337.627.423 | 0,3 | 343.553.177 | 0,56 |
| 30.6.2023 | 339.990.815 | 0,7 | 347.449.841 | 1,13 |
| 31.7.2023 | 341.690.769 | 0,5 | 347.587.281 | 0,04 |
| 31.8.2023 | 343.399.223 | 0,5 | 344.406.305 | -0,92 |
| 30.9.2023 | 345.116.219 | 0,5 | 347.482.198 | 0,89 |
| 31.10.2023 | 346.841.800 | 0,5 | 348.565.528 | 0,31 |
| 30.11.2023 | 349.269.693 | 0,7 | 349.682.481 | 0,32 |
| 31.12.2023 | 352.762.390 | 1 | 361.479.587 | 3,37 |
| **Годишен пораст** | | **6,50%** | | **7,72%** |

Извор: Административни податоци на ФОД

Во јануари 2023 има најмал раст од 0,02% на месечно ниво (споредено со декември 2022 година). До јуни 2023 година има постојан раст на депозитите на население, кога достигнува и месечен раст од 1,13%. Во август 2023 година е забележан значителен пад на растот на депозитите (споредено со јули 2023 година, пад од -1,13%). Во сите останати месеци се забележува раст на депозитите на населението, кој е највисок и значително отстапува на крај на месец декември 2023 година кога изнесува 3,37%.

Графикон 2. Раст на депозити по месеци во текот на 2023 година

(во проценти)




Извор: Административни податоци на ФОД

Табела 2. Годишната стапка на раст на вкупните депозити на население по месеци 2023/2022 година

(во илјади денари)

| | Вкупни депозити на население во РСМ во 2022 година | Вкупни депозити на население во РСМ во 2023 година | Годишната стапка на раст на вкупните депозити на население 2023/2022 |
|---|---|---|---|
| декември 2022 | 316.667.657 | 335.558.907 | 5,97 |
| јануари | 316.409.193 | 335.627.849 | 6,07 |
| февруари | 317.918.225 | 338.548.976 | 6,49 |
| март | 312.414.161 | 338.878.479 | 8,47 |
| април | 315.003.771 | 341.634.883 | 8,45 |
| мај | 315.725.794 | 343.553.177 | 8,81 |
| јуни | 319.113.293 | 347.449.841 | 8,88 |
| јули | 320.699.738 | 347.587.281 | 8,38 |
| август | 321.756.069 | 344.406.305 | 7,04 |
| септември | 324.999.315 | 347.482.198 | 6,92 |
| октомври | 325.961.533 | 348.565.528 | 6,93 |
| ноември | 326.394.135 | 349.682.481 | 7,14 |
| декември | 335.558.907 | 361.479.587 | 7,72 |

Извор: Административни податоци на ФОД

Графикон 3. Годишна стапка на раст на вкупните депозити на население по месеци 2023/2022 година

(во проценти)




Извор: Административни податоци на ФОД

Годишниот раст на вкупните депозити на население во банкарскиот сектор во Република Северна Македонија во последните три години е прикажан во Графикон 4.

Графикон 4. Годишен раст на депозити 2021-2023

(во проценти)




Извор: Административни податоци на ФОД

Анализата на депозитите на население од аспект на валутна структура покажува дека во август 2023 има најголем месечен пад на денарските депозити од -2,61% (во споредба со јули 2023), а најголем пад на девизните депозити има во април 2023 од -0,49% (во споредба со март 2023). Најголем раст на денарските депозити има во декември 2023 од 6,29%. Кај девизните депозити не се забележуваат големи флуктуации на месечно ниво.

Графикон 5. Движење на денарски и девизни депозити во 2023 година

(во илјади денари)




Извор: Административни податоци на ФОД

Денарските депозити во вкупните депозити на население на 31.12.2023 година учествуваат со 49,4%, наспроти 50,6% учество на девизните депозити. (Графикон 6).

Графикон 6. Учество на денарски и девизни депозити во вкупни депозити на население во текот на 2023 година

(во проценти)




Извор: Административни податоци на ФОД

Според рочноста, депозитите по видување имаат годишен раст од 4,05%, додека орочените депозити имаат раст од 12,58% во однос на 2022 година. (Графикон 7).

Графикон 7. Движење на депозити по видување и орочени депозити во 2023 година

(во илјади денари)




Извор: Административни податоци на ФОД

Учеството на депозитите по видување во вкупните депозити на население на 31.12.2023 година изнесува 55,01%, а учеството на орочените депозити во вкупните депозити на население на 31.12.2023 година изнесува 44,99%. На Графикон 8 е прикажано учеството на депозитите по видување и орочените депозити во вкупните депозити на население во последните три години: 2021, 2022 и 2023 година.

Графикон 8. Учество на депозити по видување и орочени депозити во вкупни депозити на население во 2021, 2022 и 2023 година

(во проценти)




Извор: Административни податоци на ФОД

Нивото на обесштетување согласно Законот за Фондот за осигурување на депозити изнесува 30.000 евра во денарска противвредност по депонент по банка или штедилница.
Во Прилог бр.1 од овој извештај се прикажани квартални движења на вкупните депозити на население класифицирани според законскиот праг на обесштетување од 1,85 милиони денари или 30.000 евра во денарска противвредност. Анализата на депозитите на население согласно покажува дека учеството на **осигурените депозитите** на население во вкупните депозити на население е највисоко во последниот квартал од 2023 година со 72,36%, а најниско во третиот квартал од 2023 година во износ од 71,92%. Учеството на депозитите на население **над 30.000 евра** во вкупните депозити на население е највисоко во третиот квартал од 2023 година со 47,55 %, а најниско во првиот квартал од 2023 година во износ од 46,49%. (Графикон 9).

Графикон 9. Учество на депозити на население до и над 30.000 евра во денарска противвредност **во вкупни депозити на население** (IVQ.2022 година – IVQ.2023 година)

(во проценти)




Извор: Административни податоци на ФОД

Депозитите на населението до и над 30.000 евра во денарска противвредност се анализираат и поединечно по банки и штедилници, па оттука учеството на депозитите на население **до 30.000 евра во банките** во вкупните депозити на население во банките е највисоко во првиот квартал од 2023 година со 53,34%, а најниско во третиот квартал од 2023 година во износ од 52,38%. Учеството на депозитите на население **над 30.000 евра во денарска противвредност во банките** во вкупните депозити на население во банките е највисоко во третиот квартал од 2023 година со 47,62% , а најниско во првиот квартал од 2023 година со 46,66% (Графикон 10).

Графикон 10. Учество на депозити на население до и над 30.000 евра во денарска противвредност **во банки** во вкупни депозити на население во банки – членки на ФОД
(IVQ.2022 година – IVQ.2023 година)

(во проценти)




Извор: Административни податоци на ФОД

Учеството на депозитите **до 30.000 евра во штедилници** во вкупните депозити на население во штедилници е највисоко во првиот квартал од 2023 година со 77,45%, а најниско во четвртиот квартал од 2023 година со 74,43%. Учеството на депозитите **над 30.000 евра во денарска противвредност во штедилниците** во вкупните депозити на население во штедилници е највисоко во четвртиот квартал од 2023 со учество од 25,57%, а најниско во првиот квартал на 2023 година со 22,55% (Графикон 11).

Графикон 11. Учество на депозити на население до и над 30.000 евра во денарска противвредност **во штедилници** во вкупни депозити на население во штедилници – членки на ФОД (IVQ.2022 година – IVQ.2023 година

(во проценти)




Извор: Административни податоци на ФОД

Наплатата на премиите во 2023 година се одвиваше според редовните процедури, по утврдена стапка од 0,25% на годишно ниво.

Вкупните средства кои Фондот ги наплатил во 2023 година по основ на премија изнесуваат 858 милиони денари или 13,95 милиони евра (Графикон 12).

Графикон 12. Движење на месечен износ на премии во 2023 година

(во денари)




Извор: Административни податоци на ФОД

Стапката на покриеност на депозитите на население (вкупни парични средства на Фондот во однос на вкупни депозити на население) во декември 2023 година изнесува 5,51 % и е над законскиот минимум од 4%. Во текот на 2023 година стапката на покриеност е највисока во ноември 2023 година со 5,65%, но најголем скок е забележан во август 2023 со стапка на покриеност од 5,42% што се должи на наплатата на дел од побарувањето кое Фондот за осигурување на депозити го има кон Еуростандард банка АД Скопје во стечај. Во октомври 2023 година, стапката на покриеност изнесува 5,63% што исто така се должи на дополнителна наплата на дел од побарувањето кое Фондот за осигурување на депозити го има кон Еуростандард банка АД Скопје во стечај, во својство на доверител во стечајната постапка на "Еуростандард банка" АД Скопје во стечај. Стапката на покриеност е најниска во јули 2023 кога изнесува 5,22%.

Графикон 13. Движење на стапка на покриеност во 2023 година

(во проценти)




Извор: Административни податоци на ФОД

Фондот за осигурување на депозити, во својство на доверител во стечајната постапка на "Еуростандард банка" АД Скопје во стечај оствари делумна наплата на своето побарување согласно распоредот прикажан во Табела 3:

Табела 3: Реализација на побарување од Еуростандард банка АД Скопје во стечај

*во денари*

| **Датум на реализација на побарување** | **Износ на реализација во денари** | **Вкупно побарување кон Еуростандард банка во стечај** | **Процент на наплата од вкупно побарување (%) (3/2)** |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 25.08.2022 | 1.457.422.290 | | 34,86% |
| 13.07.2023 | 585.545.822 | | 14,01% |
| 26.10.2023 | 415.398.462 | | 9,94% |
| **Вкупно** | **2.458.366.574** | **4.180.533.969** | **58,81%** |

Извор: Административни податоци на Фондот

# II. ИНВЕСТИЦИСКО ПОРТФОЛИО НА ФОНДОТ (01.01.2023 – 31.12.2023)

Вкупната состојба на инвестициското портфолио на крајот на 2023 година изнесуваше 20.140 милиони денари според номинална вредност (19.696 милиони денари во сегашна вредност). На годишно ниво бележи зголемување од 2.860 милиони денари односно зголемување од 16,6% во однос на состојба на инвестициско портфолио на 31.12.2022 година. Ова зголемување на инвестициското портфолио на Фондот се должи на делумната наплата на побарување на Фондот од стечајната маса на “Еуростандард Банка АД Скопје во стечај” во износ од 1.001 милиони денари, наплатената премија и реинвестираната камата од нови записи во 2023 година. Во однос на планираната состојба на пласманите во државни записи за крајот на 2023 година (18.880 милиони денари, номинална вредност), индексот на планирани записи во однос на инвестирани записи изнесува 106,7% што укажува на зголемено инвестирање на средствата на Фондот во однос планираното. (Графикон 14).

Графикон 14. Инвестициско портфолио на Фондот во државни записи во 2023 година

(во илјади денари)




Извор: Административни податоци на Фондот

Фондот учествуваше на 15 аукции на државни записи од Министерството за финансии и притоа во согласност со инвестиционата политика на Фондот за осигурување на депозити вкупниот износ на инвестициското портфолио на Фондот не надмина 99,00% од збирот на состојбата на вкупните парични средства и состојбата на хартиите од вредност на Фондот на крајот на секој месец, а на 31.12.2022 година тој соодност изнесуваше 98,9%.

Согласно Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2023 година, беше проектирана 3,5% годишна каматна стапка на 12-месечните државни записи во прв квартал,

3,2% годишна каматна стапка во втор квартал, 3,0% годишна каматна стапка во трет квартал, 2.9% годишна каматна стапка во четврт квартал.

Инвестициското портфолио на Фондот на крајот на година е составено од 12 месечни државни записи без девизна клаузула. Дополнително, во овој период имаше и измена на каматните стапки односно каматната стапка на 12 месечните државни записи се движеа од 3,5% во јануари, 2023 година до 4,25% во декември, 2023 година. (Графикон 15)

Графикон 15. Каматни стапки на 12 месечни државни записи во 2023 година




Извор: Административни податоци на Фондот

Вкупниот приход на Фондот по основ на камата во 2023 година од недостасани записи од 2022 година и камата на нови записи од 2023 година што достасува во 2023 изнесуваше 573 илјади денари. Во однос на планираната камата за 2023 година, Фондот приходуваше 14% повеќе приходи од пласмани од планираното. Ваквото надминување на планираните приходи од пласмани во однос на реализираните е поради зголемената инвестициона активност како и поради континуираното зголемување на каматната стапка на записи во текот на 2023 година.

Табела 4. Камата и провизија по основ на државни записи во 2023 година

(во денари)

| **О П И С** | **состојба** | |
|---|---|---|
| ***1. Состојба на државните записи*** (*12-месечни државни записи)* | ***Номинална вредност*** | ***сегашна вредност*** |
| **Состојба на државните записи на 31.12.2023 година** | **20.140.000.000** | **19.696.362.698** |
| | | |
| ***2. Камата по основ на државни записи*** | **2023 год.** | ***2024 год.*** |
| 2.1. Камата по основ на недостасани записи од 2022 година | 214.069.470 | |
| 2.2. Камата по основ на нови записи во 2023 година: | | |
| -Камата на записите што достасуваат во 2023 година | 359.040.738 | |
| -Камата на записите што достасуваат во 2024 година | | 443.637.302 |
| **Вкупно камата 2022:** | **573.110.208** | |
| | | |
| ***3. Провизија за купување државни записи*** | **480.000** | |

Трошоците за провизија за банките посредници на аукциите изнесуваа 480 илјади денари односно намалување на трошоците за 45 илјади денари во однос на планираното. Ваквото намалување се должи на замената на банка купувач на државни записи која понуди пониска цена за посредување при купување на државни записи.

Табела 5. Преглед на динамиката на нови и планирани државни записи и камата за истите во периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година

(во денари)

| 2023/месеци | Нови државни записи (ДЗ) во периодот јануари-декември 2023 (*во номинален износ*) | | | Планирани државни записи (ДЗ) во периодот јануари-декември 2023 (*во номинален износ*) | | | Разлика *во номинален износ* 4-6 | Индекс 4/6 | Камата за новите државни записи | | | Провизија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | датум на уплата | датум на достасување | нови ДЗ | датум на достасување | достасани ДЗ | планирани ДЗ | | | каматна стапка (%) | камата до достасување | камата до 31.12.2023 | |
| *1* | *2* | *3* | *4* | | *5* | *6* | *7* | *8* | *9* | *10* | *11* | |
| **јануари** | | | **760.000.000** | | **660.000.000** | **760.000.000** | **0** | **100,0%** | | **25.976.040** | **25.262.410** | **35.000** |
| | 11.01.2023 | 10.01.2024 | *760.000.000* | 11.01.2023 | *660.000.000* | 760.000.000 | | | **3,50** | 25.976.040 | 25.262.410 | 35.000 |
| | | | | | | | | | | | | |
| **февруари** | 08.02.2023 | 07.02.2024 | **920.000.000** | 08.02.2023 | **830.000.000** | **920.000.000** | **0** | **100,00%** | **3,70** | **33.177.040** | **29.713.500** | **35.000** |
| | | | | | | | | | | | | |
| **март** | | | **4.030.000.000** | | **3.790.000.000** | **3.990.000.000** | **40.000.000** | **101,00%** | | **156.994.060** | **128.716.767** | **70.000** |
| | 02.03.2023 | 01.03.2024 | 3.300.000.000 | 01.03.2023 | 3.120.000.000 | 3.260.000.000 | 40.000.000 | 101,23% | **4,00** | 128.617.500 | 107.122.519 | 35.000 |
| | 29.03.2023 | 27.03.2024 | 730.000.000 | 29.03.2023 | 670.000.000 | 730.000.000 | 0 | 100,00% | **4,00** | 28.376.560 | 21.594.248 | 35.000 |
| | | | | | | | | | | | | |
| **април** | | | **1.410.000.000** | | **1.300.000.000** | **1.410.000.000** | **0** | **100,00%** | | **54.809.520** | **39.601.385** | **35.000** |
| | 12.04.2023 | 10.04.2024 | *1.410.000.000* | 12.04.2023 | *1.300.000.000* | *1.410.000.000* | *0* | 100,00% | **4,00** | *54.809.520* | *39.601.385* | 35.000 |
| | | | | | | | | | | | | |
| **мај** | | | **1.220.000.000** | | **1.100.000.000** | **1.200.000.000** | **20.000.000** | **101,67%** | | **47.423.840** | **30.617.041** | **30.500** |
| | 10.05.2023 | 08.05.2024 | *1.220.000.000* | 10.05.2023 | *1.100.000.000* | *1.200.000.000* | | | **4,00** | *47.423.840* | *30.617.041* | 30.500 |
| | | | | | | | | | | | | |
| **јуни** | **14.06.2023** | **12.06.2024** | **700.000.000** | 14.06.2023 | **600.000.000** | **690.000.000** | **10.000.000** | **101,45%** | **4,00** | **27.210.400** | **14.950.768** | **30.500** |
| | | | | | | | | | | | | |
| **јули** | **12.07.2023** | **10.07.2024** | **200.000.000** | 12.07.2023 | **120.000.000** | **190.000.000** | **10.000.000** | | **4,25** | **8.240.400** | **3.893.815** | **30.500** |
| | | | | | | | | | | | | |
| **август** | **03.08.2023** | **10.07.2024** | **1.140.000.000** | 02.08.2023 | **450.000.000** | **530.000.000** | **610.000.000** | **215,09%** | **4,25** | **46.846.020** | **19.357.859** | **30.500** |
| | | | | | | | | | | | | |
| **септември** | **06.09.2023** | **04.09.2024** | **1.700.000.000** | 06.09.2023 | **1.550.000.000** | **1.660.000.000** | **40.000.000** | **102,41%** | **4,25** | **70.043.400** | **22.321.524** | **30.500** |
| | | | | | | | | | | | | |
| **октомври** | | | **2.820.000.000** | | **2.410.000.000** | **2.790.000.000** | **30.000.000** | **101,08%** | | **116.058.840** | **23.153.463** | **61.000** |
| | **12.10.2023** | **09.10.2024** | *1.200.000.000* | 12.10.2023 | *820.000.000* | *1.150.000.000* | *50.000.000* | *104,35%* | **4,25** | *49.311.600* | *10.867.570* | 30.500 |
| | **25.10.2023** | **23.10.2024** | *1.620.000.000* | 25.10.2023 | *1.590.000.000* | *1.640.000.000* | *-20.000.000* | *98,78%* | **4,25** | *66.747.240* | *12.285.893* | 30.500 |
| | | | | | | | | | | | | |
| **ноември** | | | **4.000.000.000** | | **3.340.000.000** | **3.510.000.000** | **490.000.000** | **113,96%** | | **164.808.000** | **18.925.754** | **61.000** |
| | 15.11.2023 | 13.11.2024 | 2.800.000.000 | 15.11.2023 | 2.300.000.000 | 2.400.000.000 | 400.000.000 | 116,67% | 4,25 | 115.365.600 | 14.579.169 | 30.500 |
| | 29.11.2023 | 27.11.2024 | *1.200.000.000* | 29.11.2023 | *1.040.000.000* | 1.110.000.000 | 90.000.000 | 108,11% | 4,25 | *49.442.400* | *4.346.585* | 30.500 |
| **декември** | | | | | | | | | | | | |
| | 13.12.2023 | 11.12.2024 | *1.240.000.000* | 13.12.2023 | *1.130.000.000* | 1.230.000.000 | 10.000.000 | 100,81% | 4,25 | *51.090.480* | *2.526.452* | 30.500 |
| **Вкупно:** | | | **20.140.000.000** | | **17.280.000.000** | **18.880.000.000** | **1.260.000.000** | | | **802.678.040** | **359.040.738** | **480.000** |

Извор: Административни податоци на Фондот

# III. ОБЕСШТЕТУВАЊЕ НА ДЕПОНЕНТИТЕ ВО ЧЛЕНКИ НА ФОНДОТ КАЈ КОИ СЕ СЛУЧИЛ РИЗИЧЕН НАСТАН (СТЕЧАЈ ИЛИ ЛИКВИДАЦИЈА)

Обесштетувањето на депонентите во членки на Фондот кај кои настанал ризичен настан (стечај или ликвидација) е една од трите основни деловни активности на Фондот.

Од формирањето на Фондот во јануари 1997 година до 31.12.2023 година, се случиле вкупно 12 ризични настани и тоа кај 5 банки и 7 штедилници. Вкупната пресметана обврска за обесштетување од дванаесетте поранешни членки на Фондот изнесува 5,7 милијарди денари. Од 1997 година до 31.12.2023 година се обесштетени вкупно 32.898 депоненти во вкупен износ од 5,19 милијарди денари што претставува 91,09% исплатени обврски од ФОД за обесштетување кон депонентите. Останатите 8,91% претставуваат обврска за обесштетување во вкупен износ од 0,51 милијарди денари (Табела 7).

Последниот ризичен настан се случи на 12.08.2020 година кога престана да работи „Еуростандард банка” АД Скопје.

Во текот на 2023 година, Фондот продолжи со исплатата на депонентите со право на обесштетување од „Еуростандард банка” АД Скопје во стечај преку банките – исплатувачи: Комерцијална банка АД Скопје, Стопанска а банка АД Скопје, НЛБ Банка АД Скопје и Халкбанк АД Скопје.
Исплатата на обесштетувањето на депонентите на Еуростандард банка во стечај беше достапна заклучно со 01.09.2023 година, согласно договорите потпишани со банките-исплатувачи.
Банките – исплатувачи салдата од неисплатеното обесштетување од наменските сметки за исплата на обесштетувањето ги префрлија на сметката на Фондот за осигурување на депозити по следниот распоред и износ:

Табела 6: Пренос на салдата на неисплатено обесштетување од банките исплатувачи, септември 2023 година.

*во денари*

| **Датум на пренос на средства од наменската сметка во банката - исплатувач на сметката на Фондот за осигурување на депозити** | **Банка исплатувач** | **Износ на реализиран пренос** |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 05.9.2023 | НЛБ банка АД Скопје | 82.765.240,00 |
| 06.9.2023 | Халкбанк АД Скопје | 88.983.967,00 |
| 07.9.2023 | Стопанска банка АД Скопје | 88.391.924,00 |
| 07.9.2023 | Комерцијална банка АД Скопје | 98.145.741,00 |
| **Вкупно** | | **358.286.872,00** |

Средствата од наплатата на побарувањето од „Еуростандард банка” АД Скопје во стечај, како и неисплатените средства кои од наменските сметки на Фондот за осигурување на депозити отворени за исплата на обесштетувањето на депозитите од „Еуростандард банка” АД Скопје во стечај се вратени во Фондот за осигурување на депозити се целосно префрлени во Фондот за сигурност и се инвестираат во 12-месечните државни записи согласно инвестиционата политика на Фондот за осигурување на депозити.

Анализата на исплатени износи на обесштетување од „Еуростандард банка” АД Скопје во стечај, согласно висината на депозитите покажува дека најголем процент од **98,08%** на исплатени депозити припаѓаат на депозити во износ од 1.200.001-1.850.889 денари (≈20.000 до 30.000 евра), т.е. до максималниот праг на обесштетување, **96,13%** на депозити во износ од 600.001-1.200.000 (≈10.000 до 20.000 евра), **91,64%** на депозити во износ од 300.001-600.000 денари (≈5.000 до 10.000 евра), **83,97%** на депозити во износ од 100.001-300.000 денари (≈1.500 до 5.000 евра), **74,68%** на депозити во износ од 60.001-100.000 денари (≈1.000 до 1.500 евра), **65,36%** на депозити во износ од 30.001-60.000 денари (≈500 до 1.000 евра), **49,03%** на депозити во износ од 20.001-30.000 денари (≈320 до 500 евра), **37,35%** на депозити во износ од 10.001 – 20.000 денари (≈160 до 320 евра), **18,70%** на депозити во износ од 5.001-10.000 денари (≈80 до 160 евра), **8,53%** на депозити во износ од 1.001-5.000 денари (≈16 до 80 евра), **2,28%** на депозити во износ од 501-1.000 денари (≈8 до 16 евра), **1,05%** на депозити во износ од 101-500 денари (≈1,5 до 8 евра) и **0,25%** на депозити во износ од 1 – 100 денари (≈0,1 до 1,5 евро). Колку се помали износите на депозитите, толку се намалува процентот на исплатени депозити во соодветната категорија. Најмала исплата има во категориите до 20.000 денари. Имено, **69.500 неисплатени депоненти** припаѓаат на категоријата од 1 – 100 денари (≈0,1 до 1,5 евро),

**20.627** неисплатени депоненти во категоријата од 101-500 денари, **8.102** неисплатени депоненти во категоријата од 501-1.000 денари, **15.109** неисплатени депоненти од категоријата од 1.001-5.000 денари, **5.467** неисплатени депоненти од категоријата од 5.001-10.000 денари и **2.776** неисплатени депоненти во категоријата од 10.001-20.000 денари. Во Табела 8. Преглед на пресметано, исплатено и неисплатено обесштетување на депонентите од „Еуростандард банка" АД Скопје во стечај во период од 15.09.2020 до 31.12.2023 година, даден е табеларен преглед на исплатата поделена во категории на износ на обесштетување.

Како и претходно, искуството покажува дека депонентите не се заинтересирани да го остварат своето право на обесштетување доколку се работи за неатрактивни износи на исплата на обесштетување.

Покрај исплата на обесштетување преку четирите банки-исплатувачи, Фондот континуирано работи на исплата на обесштетување по основ на наследство на починати лица – депоненти на „Еуростандард банка" АД Скопје во стечај.

Табела 7. Преглед на обесштетување исплатено на депонентите на членките на Фондот кај кои се случил ризичен настан од формирање на ФОД до 31.12.2023 година

(во денари)

| | | | | Пресметано обесштетување | | Исплатено обесштетување | | | исплатено/пресметано | | Неисплатено обесштетување | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Име на банка/штедилница каде настанал ризичен настан | Датум на почеток на исплата на обесштетување | Вкупни депозити | Износ | Депоненти | Износ | Депоненти | Процент на пресметано обесштетување во однос на вкупни депозити | Процент на исплатено обесштетување во однос на пресметано обесштетување | Процент на исплатени депоненти во однос на вкупен број на депоненти за обесштетување | Износ | Депоненти |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 |
| 1 | Екпорт импорт банка а.д. Скопје | 29.03.2007 | 106.227.033 | 95.608.486 | 1.166 | 92.386.606 | 606 | 90,00 | 96,63 | 51,97 | 3.221.880 | 560 |
| 2 | Митштедилница - Куманово | 10.07.2003 | 6.790.124 | 6.769.326 | 56 | 6.767.552 | 33 | 99,69 | 99,97 | 58,93 | 1.774 | 23 |
| 3 | Штедилница ИНКО д.о.о. Скопје | 22.09.2010 | 11.927.740 | 11.771.613 | 60 | 11.630.312 | 39 | 98,69 | 98,80 | 65,00 | 141.301 | 21 |
| 4 | Алмако банка а.д. Скопје | 18.08.2000 | 2.850.307 | 1.784.964 | 721 | 381.205 | 10 | 62,62 | 21,36 | 1,39 | 1.403.759 | 711 |
| 5 | Македонска банка а.д. - Скопје | 04.12.2007 | 1.543.168.575 | 1.304.590.349 | 115.137 | 1.165.243.010 | 18.325 | 84,54 | 89,32 | 15,92 | 139.347.339 | 96.812 |
| 6 | Штедилница Уни-проком Скопје | 01.02.2000 | 7.881.535 | 5.118.309 | 144 | 4.919.528 | 79 | 64,94 | 96,12 | 54,86 | 198.781 | 65 |
| 7 | Штедилница Интерфалко д.о.о. - Скопје | 19.12.2012 | 17.832.485 | 17.832.485 | 62 | 17.824.557 | 21 | 100,00 | 99,96 | 33,87 | 7.928 | 41 |
| 8 | А.Д. Радобанк Скопје | 25.08.2005 | 86.224.736 | 76.005.556 | 3.629 | 72.412.381 | 785 | 88,15 | 95,27 | 21,63 | 3.593.175 | 2.844 |
| 9 | Штедилница Киро Ќучук - Велес | 15.09.2006 | 3.351.082 | 3.318.630 | 762 | 3.239.487 | 186 | 99,03 | 97,62 | 24,41 | 79.143 | 576 |
| 10 | Штедилница Фершпед Д.О.О. Скопје | 13.04.2010 | 6.218 | 6.218 | 230 | 0 | 0 | 100,00 | 0,00 | 0,00 | 6.218 | 230 |
| 11 | Еуростандард банка АД, Скопје Центар | 12.08.2020 | 5.393.607.136 | 4.179.250.008 | 137.110 | 3.818.992.342 | 12.814 | 77,49 | 91,38 | 9,35 | 360.257.666 | 124.296 |
| | **Вкупно** | | **7.179.866.968** | **5.702.055.941** | **259.077** | **5.193.796.979** | **32.898** | **79,42** | **91,09** | **12,70** | **508.258.962** | **226.192** |
| | **Вкупно во евра** | | **116.764.791** | **92.731.435** | | **84.465.718** | | | | | **8.265.717** | |

Табела 8: Преглед на пресметано, исплатено и неисплатено обесштетување на депонентите од Еуростандард бака АД Скопје во стечај во период од 15.09.2020 до 31.12.2023 година

| **Висина на обесштетување** | **Пресметано обесштетување** | | **Исплатено обесштетување** | | | **Неисплатено обесштетување** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Износ на депозити во денари до праг на обесштетување од 30.000 евра во денарска противвредност | Вкупен број на Потврди | Вкупен износ на пресметано обесштетување | Број на исплатени Потврди | Вкупен износ на исплатено обесштетување | Процент на исплатено обесштетување во споредба со пресметаното обесштетување | Број на неисплатени Потврди | Вкупен износ на неисплатено обесштетување | Процент на неисплатено обесштетување во споредба со пресметаното обесштетување |
| 1.850.890-99.999.999 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 |
| 1.200.001-1.850.889 | 1.315 | 2.233.723.760,00 | 1.303 | 2.213.227.898,00 | 99,08 | 12 | 20.495.862,00 | 0,92 |
| 600.001-1.200.000 | 901 | 754.296.107,00 | 864 | 725.131.901,00 | 96,13 | 37 | 29.164.206,00 | 3,87 |
| 300.001-600.000 | 974 | 408.810.224,00 | 889 | 374.624.201,00 | 91,64 | 85 | 34.186.023,00 | 8,36 |
| 100.001-300.000 | 2.003 | 346.976.579,00 | 1.667 | 291.352.034,00 | 83,97 | 336 | 55.624.545,00 | 16,03 |
| 60.001-100.000 | 1.453 | 112.442.665,00 | 1.060 | 83.968.837,00 | 74,68 | 393 | 28.473.828,00 | 25,32 |
| 30.001-60.000 | 2.827 | 117.495.918,00 | 1.833 | 76.790.024,00 | 65,36 | 994 | 40.705.894,00 | 34,64 |
| 20.001-30.000 | 1.675 | 40.958.999,00 | 818 | 20.080.569,00 | 49,03 | 857 | 20.878.430,00 | 50,97 |
| 10.001-20.000 | 4.359 | 60.302.108,00 | 1.583 | 22.519.843,00 | 37,35 | 2.776 | 37.782.265,00 | 62,65 |
| 5.001-10.000 | 6.664 | 47.551.796,00 | 1.197 | 8.891.567,00 | 18,70 | 5.467 | 38.660.229,00 | 81,30 |
| 1.001-5.000 | 16.268 | 43.966.780,00 | 1.159 | 3.749.753,00 | 8,53 | 15.109 | 40.217.027,00 | 91,47 |
| 501-1.000 | 8.274 | 5.888.500,00 | 172 | 133.972,00 | 2,28 | 8.102 | 5.754.528,00 | 97,72 |
| 101-500 | 20.799 | 5.070.719,00 | 172 | 53.176,00 | 1,05 | 20.627 | 5.017.543,00 | 98,95 |
| 1-100 | 69.598 | 1.765.853,00 | 98 | 4.453,00 | 0,25 | 69.500 | 1.761.400,00 | 99,75 |
| **Вкупно:** | **137.110** | **4.179.250.008** | **12.815** | **3.820.528.228** | **91,42** | **124.295** | **358.721.780** | **8,58** |
| **во евра** | | **67.745.988** | | **62.132.513** | | | **5.833.823** | |

Извор: Административни податоци на Фондот

# IV. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2023 ГОДИНА

**Остварени финансиски резултати за период 01.01 - 31.12.2023 година**

Во текот на 2023 година Фондот за осигурување на депозити ги остварил долунаведените финансиски резултати:

Табела 9. Финансиски резултати на Фондот во период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година

(во илјади денари)

| **Опис** | |
|---|---:|
| Приходи | 573.200 |
| Расходи | 26.687 |
| Бруто добивка | 546.513 |
| Данок на добивка | 54.667 |
| Нето добивка | 491.846 |

Извор: Административни податоци на Фондот

Табела 10. Состојба на средствата и обврските на Фондот на 31.12.2023 година

(во илјади денари)

| Опис | |
|---|---:|
| **Средства** | **19.925.348** |
| *Нематеријални средства* | 268 |
| *Материјални средства* | 18.198 |
| *Вложувања* | 19.696.603 |
| *Парични средства* | 195.395 |
| *Побарувања* | 14.884 |
| **Капитал, резерви и обврски** | **19.925.348** |
| *Уплатен капитал* | 10.300 |
| *Резерви на сигурност* | 19.019.315 |
| *Акумулирана добивка* | 491.846 |
| *Обврски за штета* | 358.832 |
| *Останати краткорочни обврски* | 45.055 |

Извор: Административни податоци на Фондот

## Биланс на состојба на Фондот за осигурување на депозити на ден 31.12.2023 година

(во илјади денари)

| Опис | Состојба 31.12.2022 | % | План 31.12.2023 | % | Состојба 31.12.2023 | % | Индекс 6/2 | Индекс 6/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **СРЕДСТВА** | **17.549.937** | **100,00** | **18.823.341** | **100,00** | **19.925.348** | **100,00** | **113,54** | **105,85** |
| *Нематеријални средства* | *0* | *0,00* | *467* | *0,00* | *268* | *0,00* | | 57,39 |
| Софтвер и слични права | 0 | 0,00 | 467 | 0,00 | 268 | 0,00 | | 57,39 |
| | | | | | | | | |
| *Материјални средства* | *18.122* | *0,10* | *18.230* | *0,10* | *18.198* | *0,09* | 100,42 | 99,82 |
| Недвижности | 17.836 | 0,10 | 17.027 | 0,09 | 17.027 | 0,09 | 95,46 | 100,00 |
| Опрема | 286 | 0,00 | 1.203 | 0,01 | 1.171 | 0,01 | 409,44 | 97,34 |
| | | | | | | | | |
| *Вложувања* | *17.066.183* | *97,24* | *18.615.454* | *98,90* | *19.696.603* | *98,85* | 115,41 | 105,81 |
| Дванаесет-месечни записи | 17.066.183 | 97,24 | 18.615.454 | 98,90 | 19.696.603 | 98,85 | 115,41 | 105,81 |
| | | | | | | | | |
| *Парични средства, побарувања, разграничувања* | *465.632* | *2,65* | *189.190* | *1,01* | *210.279* | *1,06* | 45,16 | *111,15* |
| Парични средства | 465.632 | 2,65 | 189.190 | 1,01 | 195.395 | 0,98 | 41,96 | *103,28* |
| 1.Парични средства во банки | 465.583 | 2,65 | 189.155 | 1,00 | 195.375 | 0,98 | 41,96 | *103,29* |
| 2.Бизнис картичка | 25 | 0,00 | 25 | 0,00 | 4 | 0,00 | 16,00 | *16,00* |
| 3.Благајна | 24 | 0,00 | 10 | 0,00 | 16 | 0,00 | 66,67 | *160,00* |
| Побарувања | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 14.884 | 0,07 | | |
| 1.Побарувања по основ премии | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | | |
| 2.Останати побарувања | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 14.884 | 0,07 | | |
| 3.Аконтации на данок на добивка | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | | |
| Разграничувања | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | | |
| 1.АВР | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | | |
| | | | | | | | | |
| **КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ** | **17.549.937** | **100,00** | **18.823.341** | **100,00** | **19.925.348** | **100,00** | **113,54** | **105,85** |
| *Капитал и резерви* | *17.171.280* | *97,84* | *18.438.644* | *97,96* | *19.521.461* | *97,97* | 113,69 | 105,87 |
| Уплатен капитал | 10.300 | 0,06 | 10.300 | 0,05 | 10.300 | 0,05 | 100,00 | 100,00 |
| Фонд за сигурност | 17.066.680 | 97,25 | 18.009.105 | 95,67 | 19.019.315 | 95,45 | 111,44 | 105,61 |
| Добивка за годината | 94.300 | 0,54 | 419.239 | 2,23 | 491.846 | 2,47 | 521,58 | 117,32 |
| | | | | | | | | |
| *Тековни обврски* | *378.657* | *2,16* | *384.697* | *2,04* | *403.887* | *2,03* | 106,66 | 104,99 |
| Обврски за штети | 372.996 | 2,13 | 332.467 | 1,77 | 358.832 | 1,80 | 96,20 | 107,93 |
| Останати обврски | 5.661 | 0,03 | 52.230 | 0,28 | 45.055 | 0,23 | 795,88 | 86,26 |
| 1.Останати краткорочни обврски | 5.661 | 0,03 | 52.230 | 0,28 | 45.055 | 0,23 | 795,88 | 86,26 |
| 2.ПВР | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | | |

Извор: Административни податоци на Фондот

## Биланс на успех на Фондот за осигурување на депозити за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година

(во илјади денари)

| Опис | Вкупно 01.01.2022 - 31.12.2022 | % | План 01.01.2023 - 31.12.2023 | % | Вкупно 01.01.2023 - 31.12.2023 | % | Индекс 6/2 | Индекс 6/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **ПРИХОДИ** | **124.743** | **100,00** | **501.536** | **100,00** | **573.200** | **100,00** | **459,50** | **114,29** |
| 1.Државни записи-дванаесет месечни | 124.701 | 99,97 | 501.536 | 100,00 | 573.110 | 99,98 | 459,59 | 114,27 |
| 2.Депозити по видување-НБРМ | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | | |
| 3.Депозити по видување-деловни банки | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | | |
| 4.Казнена камата по основ на премии | 6 | 0,00 | 0 | 0,00 | 44 | 0,01 | 733,33 | |
| 5.Вонредни приходи | 36 | 0,03 | 0 | 0,00 | 45 | 0,01 | 125,00 | |
| 6.Приходи од надомест на штета | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | | |
| 7.Позитивни курсни разлики | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 1 | 0,00 | | |
| | | | | | | | | |
| **РАСХОДИ** | **19.930** | **100,00** | **35.605** | **100,00** | **26.687** | **100,00** | **133,90** | **74,95** |
| 1.Трошоци за услуги | 1.267 | 6,36 | 7.796 | 21,90 | 2.323 | 8,70 | 183,35 | 29,80 |
| 2.Амортизација и обезвреднување | 979 | 4,91 | 1.227 | 3,45 | 1.061 | 3,98 | 108,38 | 86,47 |
| 3.Материјални трошоци | 891 | 4,47 | 1.430 | 4,02 | 1.072 | 4,02 | 120,31 | 74,97 |
| 4.Останати трошоци од работа | 1.897 | 9,52 | 4.160 | 11,68 | 3.022 | 11,32 | 159,30 | 72,64 |
| 5.Трошоци за вработените | 14.373 | 72,12 | 20.467 | 57,48 | 18.712 | 70,12 | 130,19 | 91,43 |
| 6.Расходи по основ финансиски вложувања | 523 | 2,62 | 525 | 1,47 | 497 | 1,86 | 95,03 | 94,67 |

Извор: Административни податоци на Фондот

# V. ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ НА ФОНДОТ ВО ТЕКОТ НА 2023 ГОДИНА

## ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

Органите за управување на Фондот ги сочинуваат Управниот одбор и директорот.
Составот на Управниот одбор е сочинет од 5 члена именувани од Владата на Република Северна Македонија. Членови на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити заклучно со 31.12.2023 година се:

- Сузана Пенева - член на УО по предлог на Министерство за финансии, Претседател на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити;
- Лиридона Лимани- член на УО по предлог на Министерство за финансии;
- Нита Хајрулаи- член на УО по предлог на Министерство за финансии.
- Мелита Никодиновска - член на УО по предлог на Народна Банка на Република Северна Македонија;
- Милена Перчинкова - член на УО по предлог на Македонската банкарска асоцијација.

Заклучно со 54-та седница на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити, член на член на УО по предлог на Министерство за финансии беше Оливера Нечовска, а на истата седница, на местото на Ермира Фида, како член на УО по предлог на Министерство за финансии беше назначена Лиридона Лимани.
Од 55-та седница до 59-та седница Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити броеше 4 членови и тоа: Сузана Пенева, Лиридона Лимани, Мелита Никодиновска и Милена Перчинкова.
Од 59-та седница на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити, како нов член на УО по предлог на Министерство за финансии беше назначена Нита Хајрулаи.

### ДОНЕСЕНИ АКТИ

Во 2023 година се одржаа 10 седници на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити, и тоа од 52, заклучно со 61 седница.
Позначајни одлуки кои беа донесени во овој период се:

- Одлука за усвојување на Извештајот за извршениот попис на имотот и обврските на Фондот за осигурување на депозити со состојба на 31.12.2022 година;
- Одлука за усвојување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за осигурување на депозити
- Одлука за усвојување на Финансиски план на Фондот за осигурување на депозити за 2023година
- Одлука за усвојување на Годишната сметка на Фондот за осигурување на депозити за 2022 година;

- Одлука за усвојување на Годишниот извештај за деловна активност на Фондот за осигурување на депозити 2022 година;
- Одлука за усвојување на Финансиските извештаи на Фондот за осигурување на депозити за 2022 година;
- Одлука за распоредување на нето добивката на Фондот за осигурување на депозити за 2022 година;
- Одлука за усвојување на Финансиските извештаи и Извештајот на независните ревизори на Фондот за осигурување на депозити за 2022 година;
- Одлука за утврдување на потреба за набавка на канцелариски мебел за потребите на Фондот за осигурување на депозити;
- Одлука за утврдување на потреба за набавка на клима уреди за потребите на Фондот за осигурување на депозити;
- Одлука за утврдување на потреба за набавка на персонални компјутери со инсталирани лиценции за оперативен Microsoft систем и Microsoft office 365;
- Одлука за утврдување на потреба за набавка на печатачи и мултифункционален фотокопир за потребите на Фондот за осигурување на депозити;
- Одлука за усвојување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација на работните места во Фондот за осигурување на депозити;
- Одлука за усвојување на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за осигурување на депозити;
- Одлука за утврдување на потреба за набавка на гуми за службено моторно возило за потребите на Фондот за осигурување на депозити;
- Одлука за усвојување на Полугодишен извештај за деловна активност на Фондот за осигурување на депозити за период од 01.01.2023 година до 30.06.2023година;
- Одлука за усвојување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за осигурување на депозити;
- Одлука за попис на средствата и обврските на Фондот за осигурување на депозити со состојба на 31.12.2023 година;
- Одлука за усвојување на Финансискиот план на Фондот за осигурување на депозити за 2024 година;
- Одлука за усвојување на Правилникот  за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Фондот за осигурување на депозити.

# КАДРОВСКА И ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Заклучно со 31.12.2023 година во Фондот работат вкупно 17 лица, сите во работен однос на неопределено време. Органограмот на работните места во 2023 година во Фондот за осигурување на депозити е прикажан на слика 1.

Слика 1. Органограм на работни места во Фондот за осигурување на депозити за 2022 година



## ДЕЛОВНИ ПРОЦЕСИ ВО ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ

Слика 2. Деловни процеси во Фондот за осигурување на депозити






# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ И ЕДУКАЦИЈА

Фондот за осигурување на депозити постојано и активно работи на зајакнување и збогатување на соработката со своите партнери во мрежата на финансиската стабилност , како и со меѓународните институции.

На 27 и 28 февруари 2023 година, Фондот за осигурување на депозити, заедно со своите колеги, институции кои припаѓаат на Кластер: Внатрешен пазар – Поглавје 9: Финансиски услуги учествуваше на Билатерален состанок со претставниците на Европската унија во Брисел, на кој се презентираше тековната состојба и идните планови за усогласување со законодавството и праксата кои се спроведуваат во ЕУ.

Слика 3. Билатерален скрининг, Брисел, 27 и 28 февруари 2023 година



Во текот на 2023 година, работните тимови на Фондот за осигурување на депозити остварија официјални средби со претставница на Светската банка, како дел од нивните проекти за модернизација на Фондот за осигурување на депозити, како и за евалуација на работата на Светската банка од Република Северна Македонија.

Слика 4. Средба со претставници од Светска банка одржана на 03.03.2023 година во просториите на Фондот за осигурување на депозити



По покана на Светската банка, Фондот за осигурување на депозити заедно со претставници на Министерството за финансии и Народната банка на Република Северна Македонија учествуваше на Меѓународна конференција со наслов: „Шеми за гаранција на депозити, користење на средства и дополнителни можности за финансирање” која се одржа во Виена, Австрија на 9 и 10 март 2023 година.

На 14.03.2023 година, во просториите на Фондот за осигурување на депозити, а на иницијатива на директорот на Фондот, г-нот Амир Шабани, за првпат по 23 години постоење на Фондот се оствари заедничка средба со високи претставници на сите членки на Фондот и Македонската банкарска асоцијација, банките и штедилниците, со цел продлабочување на соработката меѓу институциите.

На средбата се разговараше за соработката помеѓу Фондот за осигурување на депозити и Македонската банкарска асоцијација, каде членки се сите банки и штедилници од македонскиот банкарски сектор во Република Северна Македонија.

Со задоволство беше прифатена идејата овие средби да станат традиција и начин за разменување на мислења, искуства и предлози за проекти за заедничка соработка во иднина.

Слика 5. Средба помеѓу Фондот за осигурување на депозити и Македонската банкарска асоцијација, 14.03.2023 година



Во својство на полноправен член на Европскиот форум на осигурители на депозити (EFDI), и како еден од најактивните членови на Комитетот за односи со јавност при EFDI, Фондот за осигурување на депозити од Република Северна Македонија учествуваше со свои претставници на Годишното собрание на Европскиот Форум на осигурители на депозити, каде е полноправен член, кое се одржа во Будимпешта, Унгарија. Исто така, Фондот со своја презентација учествуваше и на работилница на Комитетот за односи со јавност која се одржа во Берлин, Германија во организација на Германската банкарска асоцијација.

Слика 6. Онлајн презентација на Фондот за осигурување на депозити пред претставниците на Комитетот за односи со јавност при ЕФДИ на средба која се одржа во Берлин на 17.03.2023 година



Слика 7. Едукативен настан за тимот на Фондот за осигурување на депозити, Охрид, 12.05.2023 година



Слика 8. Средба на осигурители на депозити членки на Европскиот форум на осигурители на депозити (EFDI), 28.05.2023, Будимпешта, Унгарија.






Слика 9. Онлајн презентација на Фондот за осигурување на депозити пред претставниците на ЕФДИ од Балканскиот регион на средба која се одржа во Бања Лука на 01.06.2023 година




## ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

Фондот за осигурување на депозити објавува соопштенија за јавноста преку својата веб страница, преку своите профили на социјалните мрежи и преку јавните медиуми.

Слика 10. Директорот на Фондот за осигурување на депозити, гостин во ТВ емисија по повод одбележување на „Светскиот ден на штедењето”




Извор: Фонд за осигурување на депозити

На 31.10.2023 година, се одржа настан со кој се одбележа Светскиот ден на штедењето – 31 октомври. Овој настан беше го организираше Фондот за осигурување на депозити заедно со Македонската банкарска асоцијација. На овој настан говор одржаа претседателката на МБА, д-р Маја Стевкова - Штериева, заменик министерот за финансии, Филип Николоски, гувернерот на Народната банка, д-р Анита Ангеловска-Бежоска и директорот на Фондот за осигурување на депозити, Амир Шабани.

Овој ден се одбележува низ целиот свет со цел да се промовираат личните заштеди во банките и штедилниците, да се потсетиме на важноста од редовното штедење, креирање на мрежа на заштита на депозитите и да потсетиме дека заштедите му помагаат и му овозможуваат на поединецот да ги постигне своите цели и идеи.

Прославата на Денот на штедењето се фокусира на улогата на стабилизатори во општеството која ја имаат штедењето и банкарството во целокупниот финансиски систем. Стабилноста произлегува од довербата во банките кои се одговорни партнери во општеството, блиски се до клиентите, ги опслужуваат домаќинствата и ги помагаат малите и средни фирми.

Едукацијата и потсетувањето на луѓето за културата на штедење се неопходни особено во услови на глобална економска криза, која за жал ја зголемува невработеноста и сиромаштијата ширум светот.

Слика 11. Слики од настан по повод Светскиот ден на штедењето – 31 октомври, 31.10.2023 година







Извор: Фонд за осигурување на депозити

# ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ НА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ

Во Фондот во текот на 2023 година се спроведоа и редовните јавни набавки (техничко обезбедување на деловен простор, осигурување на деловен простор, набавка на средства за хигиена и други потребни производи).

Во текот на 2024 година, Фондот ќе продолжи со остварување на своите планирани активности.

Изработил:
д-р Краља Чесмаџиска
м-р Маја Ристовска

Контолирал: Јасминка Мартиновска

Наш број 02 - 236/1
Скопје, 13.3.2024

Директор/Drejtor
Amir Shabani

Прилог бр.1 Движење на вкупни депозити на население во банки и штедилници по ниво на покриеност во 2023 година по квартали (во денари)

| | Опис | IVQ 2022 | IQ 2023 | IIQ 2023 | IIIQ 2023 | IVQ 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Депозити на население во банки | До 30.000 евра во денарска против вредност | 178.541.594.066 | 180.225.810.133 | 183.668.413.690 | 181.502.047.592 | 190.768.508.052 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 156.049.133.798 | 157.666.569.964 | 162.808.208.749 | 164.990.064.972 | 169.700.627.151 |
| | Вкупно | 334.590.727.864 | 337.892.380.098 | 346.476.622.439 | 346.492.112.564 | 360.469.135.203 |
| | До 30.000 евра за обештетување | 62.824.527.780 | 63.771.036.750 | 66.159.486.720 | 67.506.616.224 | 69.886.607.700 |
| Број на поединечни штедачи во банки | До 30.000 евра во денарска против вредност | 2.670.210 | 2.678.483 | 2.687.897 | 2.647.947 | 2.699.668 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 34.055 | 34.455 | 35.782 | 36.588 | 37.882 |
| | Вкупно | 2.704.265 | 2.712.938 | 2.723.679 | 2.684.535 | 2.737.550 |
| | **Вкупно осигурани депозити** | **241.366.121.846** | **243.996.846.883** | **249.827.900.410** | **249.008.663.816** | **260.655.115.752** |
| Депозити на население во штедилници | До 30.000 евра во денарска против вредност | 704.703.559 | 749.705.559 | 734.876.335 | 725.360.417 | 735.984.877 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 237.403.764 | 218.321.720 | 220.564.396 | 244.440.115 | 252.831.916 |
| | Вкупно | 942.107.323 | 968.027.279 | 955.440.731 | 969.800.532 | 988.816.793 |
| | До 30.000 евра за обештетување | 164.186.844 | 138.813.750 | 144.218.880 | 171.589.464 | 177.105.600 |
| Број на поединечни штедачи во штедилници | До 30.000 евра во денарска против вредност | 32.561 | 32.670 | 32.724 | 32.754 | 32.815 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 89 | 75 | 78 | 93 | 96 |
| | Вкупно | 32.650 | 32.745 | 32.802 | 32.847 | 32.911 |
| | **Вкупно осигурани депозити** | **868.890.403** | **888.519.309** | **879.095.215** | **896.949.881** | **913.090.477** |
| Вкупно депозити на население во банки и штедилници | До 30.000 евра во денарска против вредност | 179.246.297.625 | 180.975.515.692 | 184.403.290.025 | 182.227.408.009 | 191.504.492.929 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 156.286.537.562 | 157.884.891.684 | 163.028.773.145 | 165.234.505.087 | 169.953.459.067 |
| | Вкупно | 335.532.835.187 | 338.860.407.377 | 347.432.063.170 | 347.461.913.096 | 361.457.951.996 |
| | До 30.000 евра за обештетување | 62.988.714.624 | 63.909.850.500 | 66.303.705.600 | 67.678.205.688 | 70.063.713.300 |
| Број на поединечни штедачи во банки и штедилници | До 30.000 евра во денарска против вредност | 2.702.771 | 2.711.153 | 2.720.621 | 2.680.701 | 2.732.483 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 34.144 | 34.530 | 35.860 | 36.681 | 37.978 |
| | Вкупно | 2.736.915 | 2.745.683 | 2.756.481 | 2.717.382 | 2.770.461 |
| | **Вкупно осигурани депозити** | **242.235.012.249** | **244.885.366.192** | **250.706.995.625** | **249.905.613.697** | **261.568.206.229** |
| Вкупно депозити на население кај членките на Фондот | (извор - НБРМ) | 335.558.907.000 | 338.878.479.000 | 347.449.841.000 | 347.482.198.000 | 361.479.587.000 |
| Вкупни средства на фондот | | 17.531.815.409 | 17.815.540.540 | 18.152.539.404 | 19.098.027.256 | 19.906.882.341 |
| Ниво на покриеност | eligible (вкупни средства на Фондот во однос на вкупни депозити на население) | 5,23 | 5,26 | 5,22 | 5,50 | 5,51 |

Извор: Административни податоци на Фондот